www.lastrada.org.mk

# ПРАВО НА КОМПЕНЗАЦИЈА ЗА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

отворена порта

Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе
Отворена Порта/Ла Страда, Македонија

Истражувањето ПРАВО НА КОМПЕНЗАЦИЈА ЗА ЖРТВИТЕ ОД ТРГВОЈА СО ЛУЃЕ ВО РМ е спроведено од страна на Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена порта / Ла Страда Македонија.

Изразуваме посебна благодарност на Ла Страда Интернационал за нивната експертска поддршка во текот на имплементацијата на проектот и создавање на оваа публикација.

Скопје, јуни 2011

Автори: Јасмина Димишковска Рајковска; Маја Варошлија; Сунчица Димитријоска; Анета Трајковска.

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и да се копира за образовни и други некомерцијални цели, под услов таквата репродукција да е придружена со назначување на Отворена порта како извор.

Оваа публикација е дел од проектот COMP.ACT - Европска акција за компензација на тргуваните лица која беше овозможена со финансиска поддршка на UN.GIFT.

Годишната програма на Отворена Порта е поддржана од програмата на Цивика Мобилитас – спроведена од ЦИРа, а финансиски поддржана од СДЦ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.513:343.431(497.7)

ПРАВО на компензација со тргуваните лица во Р. Македонија / [автори Јасмина Димишковска Рајковска ... и др.]. - Скопје : Женско лоби и акција против насилиството и трговија со луѓе Отворена порта, 2011. - 43 стр. : илустр. ; 23 см

Автори: Јасмина Димишковска Рајковска, Маја Варошлија, Сунчица Димитријоска, Анета Трајковска

ISBN 978-9989-2751-2-8
1. Димишковска Рајковска, Јасмина [автор]
а) Право на надомест на штета - Жртви на трговија со луѓе - Македонија
COBISS.MK-ID 88646666

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

**ЗКП** Закон за кривична постапка

**ЗМП** Закон за малолетничка правда

**КЗ** Кривичен законик

**ОБСЕ** Организација за безбедност и соработка во Европа

**ООН** Организација на обединетите нации

**JO** Јавно обвинителство

**ЗОО** Закон за облигациони односи

**НВО** Невладини организации

**МП** Министерство за правда

**МТСП** Министерство за труд и социјална политика

**РМ** Република Македонија

**JO** Јавно обвинителство

**НМУ** Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

**JУСЦР** Јавна установа центар за социјална работа

**СЕ** Совет на Европа

**ИОМ** Меѓународна организација за миграција

**ИЦМПД** Меѓународен центар за развој на миграционата политика

**ПИМ** Предистражни мерки

**ОСЛ** Овластено службено лице

**СОП** Стандардни оперативни процедури

**МТСП** Министерство за труд и социјална политика

# ВОВЕД

Проблематиката на **компензација на жртвите на трговија со луѓе** во РМ е релативно нова, и нејзината актуелизација е од поново време со оглед на се поголемиот број на жртви на трговија со луѓе кои се наоѓаат на маргините на општеството и на кои им е потребна помош и заштита. Оваа публикација опфаќа ограничен број на извештаи и податоци за добиени компензации на жртви од трговија со луѓе на национално ниво. Содржините се темелат и на искуството од комуникацијата со институциите од системите вклучени во работа со жртви на трговија со луѓе, личното искуство при работа со жртви на трговија со луѓе како и стекнатото искуство од соработката со меѓународни и невладини организации.

Оваа публикација има за цел да направи анализа на системот за остварување на компензацијата на жртвите на трговија со луѓе, да изврши увид во законската рамка која ги обезбедува правата и предвидува процедури за постапување на надлежните институции/организации, во остварување на компензацијата како и самото функционирање на системот.

Клучни наоди од истражувањето се:

Законите кои го санкционираат кривичното дело трговија со луѓе се компатибилени со меѓународните документи во однос на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе;
Компензацијата како мерка сè уште не е доволно искористена за жртвите од трговија со луѓе.
Кривичниот суд на Р. Македонија иако има досудени пресуди за компензација, сепак жртвите на трговија со луѓе не добиле ниту материјален ниту нематеријален надомест.

За Проектот

Во 2008 година Европските невладини организации започнаа да го нагласуваат проблемот со кој се соочуваат тргуваните лица во однос на правото на Компензацијата–надомест на штета. На иницијатива на Ла Страда Интернационална и Анти - Слејвери Интернационална (Anti-slavery International) повеќе невладини организации се придружија

во идејата да се создаде Европска коалиција која се состои од различни актери – НВО'и кои нудат директна помош на тргуваните лица, Европски организации на тргувани лица, заедници на правни професионалци,-адвокати синдикатите, организации кои работат на мигрантските права, академици и меѓународни организации кои ќе работат заеднички на национално и европско ниво за да предизвикаат промена во системите, која е потребна за да се обезбеди пристап на тргуваните лица до Компензацијата.

Во Берлин, Германија беше одржан Европскиот Консултативен состанок на кој се основаше Европската коалиција која се нарекува КОМП.АКТ ЕВРОПА, во која членуваат 14 Европски земји, а воедно претставуваат земји на потекло, како и дестинација во однос на трговијата со луѓе, тоа се: Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Чешка Република, Германија, Ирска, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Шпанија, Велика Британија и Украина.

Целта на овој проект е да се воведе Компензацијата - надоместот на штета во националните мерки против трговијата со луѓе и во меѓународните политики, и развој на алатки и инструменти за спроведување на овие мерки, обезбедувајќи пристап на тргуваните лица до надомест на штета.
Проектот вклучува концепт на истражување, развој на прирачници и упатства, обуки, тест случаи и меѓународно застапување во најмалку 14 европски земји. Исто така, на национално ниво, се иницираа и практични истражувачки активности за да се создаде систем кој ќе им овозможи на тргуваните лица пристап до компензација. На меѓународно ниво, постојат залагања за воведување на Компензацијата во агендата на интернационалните органи и акциски планови со што би се обезбедила посветеност на владите и гаранција на пристапот до правото на Компензација на тргуваните лица во пракса.

## 1. ПОТРЕБА ОД ПОМОШ И КОМПЕНЗАЦИЈА

Пристапот до компензацијата не се сваќа како еден од клучните елементи за поддршка и помош на жртвите од трговија со луѓе; дури и расположливите сервиси за поддршка не ги задоволуваат сите потреби на жртвите.

Рехабилитацијата на жртвите од трговија со луѓе може да се разгледува низ следните фази: период на закрепнување, и период на обнова на нивните животи. Во секоја од овие фази, жртвите имаат потреба од промена[1]. Веднаш по „излегувањето" од несреќната ситуација, жртвите имаат краткорочни потреби, кои вклучуваат базични неопходни потреби, како што се: безбедно домување, храна, облека, здравствена заштита и нега, правни услуги, застапување во рамките на правниот систем, помош и поддршка во сите фази на постапката. Откако ќе се задоволат овие основни, краткорочни потреби, задолжително треба да се земат предвид и да се задоволат и интермедиалните (посредните) потреби на индивидуите, со цел да им се помогне во континутетот за рехабилитација и организација на нивните животи. Ова подразбира континуирана здравствена заштита, советувања за подобрување на менталното здравје, едукација (оформување на образование), учење јазик, обуки за вработување (профилирање). Долгорочните потреби вклучуваат вештини за интеграција и реинтеграција (нпр. способности за донесување одлуки, менаџирање со финансии), проценка на ризик, контакт со семејството и пријателите.

Компензацијата често пати е занемарена во однос на краткорочните индивидуални потреби. Важно е да се има предвид дека со почетокот на консолидирање на животите, за жртвите компензацијата станува од клучно значење. Компензацијата им помага на жртвите да закрепнат од физичките, емоционалните и финансиските загуби, им дава можност да платат соодветен третман и им овозможува основ за нов почеток во животот.

Компензацијата исто така, има превентивна функција. Преку спроведување на компензацијата всушност индиректно се делува конкретното лице да не стане повторно жртва на трговија. Жртвите во потрага по финансиски извори може повторно да се доведат во слична ситуација. Во овие случаи, компензацијата помага во реинтегрирање на жртвите, олеснувајќи ја материјалната страна на егзистенцијата.

[1] *Comprehensive Services for Survivors of Human Trafficking: Findings from Clients in Three Communities,* Urban Institute, June 2006

Ресторативната (закрепнувачката) функција на компензацијата е многу важен елемент во рехабилитацијата на жртвите од трговија со луѓе. И тоа не само од аспект на финансискиот бенефит за жртвата, туку и од аспект на чувството на жртвите дека правдата е задоволена, дека е прекинато извршувањето на сериозно кривично дело и дека тие како жртви на истото, заслужуваат компензација. Чувството на праведност може да биде дури и посилно, доколку компензацијата се наплати директно од трговецот со луѓе.

Иако жртвите од трговија со луѓе го имаат правото на компензација во пракса исплатата на истата не е остварлива. Во пракса, компензацијата не се смета за фундаментална во ресторативниот правен систем, ниту пак се смета за клучен елемент на политиките и мерките против трговија со луѓе.

## 2. МЕЃУНАРОДНО ЗАКОНОДАВСТВО

Во насока на поуспешно справување со организираниот криминал, меѓународната заедница превземала голем број на иницијативи и активности со цел сузбивање на трговија со луѓе, како една од најгрубите прекршувања на човековите права. Голем број документи, изработени и усвоени од ОБСЕ, ИОМ, ИЦМПД, Обединетите Нации, Советот на Европа, се обидуваат да одговорат на потребите за прецизно дефинирање на поимот трговија со луѓе и правата на жртвите од трговијата.

Во таа насока и Република Македонија има потпишано и ратификувано меѓународни конвенции кој се однесуваат на трговија со луѓе.

Република Македонија ги има потпишано *Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран Криминал (Палермо конвенцијата)* на 12.12.2000 година, а ратификувана е на 12.01.2005 година. Друга конвенција која Република Македонија ја има потпишано и ратификувано е *Протокол за превенција, потиснување и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца која ја дополнува Конвенцијата на ООН против транснационалниот*

*организиран криминал (Палермо протокол за трговија)* потпишана на 12.12.2000 година, а ратификувана на12.01.2005 година.

Меѓународните документи кои се потпишани и ратификувани од Република Македонија во однос на компензацијата за жртвите од трговија со луѓе се: Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал, Протокол за превенција, сузбивње и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца.

## 2.1. Конвенцијата за борба против трговија со луѓе

1. Секоја Страна им гарантира на жртвите, по нивниот прв контакт со надлежните органи, пристап кон информациите за соодветните судски и управни постапки на јазик што тие го разберат;[2]
2. Секоја Страна предвидува со нејзиното внатрешно право, право на помош од бранител, и на бесплатна правна помош за жртвите, според условите предвидени со нејзиното внатрешно право.
3. Секоја Страна предвидува во нејзиното внатрешно право, право на жртвите да бидат обесштетени од старна на извршителите на делата.
4. Секоја Страна усвојува законски и други потребни мерки што ќе овозможат гарантирање обесштетување на жртвите, под услови предвидени во нејзиното внатрешно право, на пример со востановување на **фондови за обештетување на жртвите** или други мерки или програми наменети за помош и социјална интеграција на жртвите од примената на мерките предвидени со членот 23.

## 2.2. Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал

Помош и заштита на жртвите

1. Секоја држава членка ќе преземе соодветни мерки во рамките на нејзините средства за да обезбеди помош и заштита на жртвите на кривичните дела

[2] Член 15 – Компензација и надомест на штета

опфатени со оваа Конвенција, особено во случај на опасност од однос или заплашување;[3]

2. Секоја држава потписничка е должна да воспостави соодветни процедури за да обезбеди пристап до компензација и надомест за жртвите на кривични дела опфатени со оваа Конвенција;

Секоја држава членка, која подлежи на нејзиното домашно право, ќе им овозможи на жртвите нивните ставови и загриженоста да бидат презентирани и земени предвид во одредени фази на кривичната постапка против прекршителите на начин кој не е штетен за правата на одбраната.

Република Македонија потпишаните меѓународни конвенции ги има имплементирано во домашното законодавство во однос на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе. Законска основа има, но проблемот, пред сѐ е во делот на нерегулирани имотни односи, односно непостоење на имот на име на обвинетиот, или неспроведен имот на име на обвинетиот поседување на нелегално изградени објекти, кои не се заведени во соодветни катастарски книги, што во судска постапка создава потешкотии при обезбедување на имот за надомест на имотно правното побарување.

Со Донесување на овој Протокол е направен значаен чекор напред во однос на дефинирањето на делото трговија со луѓе каде трговијата е ставена во една широка рамка и се опфатени сите облици на трговија со луѓе како што се, покрај сексуалната експлоатација и присилната работа, ропството, слугувањето и ропската положба. Исто така се утврдува дека како жртва може да се јави секое лице, а не само жена или девојка. Притоа не е неопходно да се премине државната граница, што значи дека се санкционира и внатрешната трговија со луѓе.

Не може, а да не се забележи дека членот 418-а ст.1 од Кривичниот законик (КЗ) на Република Македонија претставуваше целосно преземање на текстот од

[3] Член 25 - Асистенција и заштита на тргуваните лица

чл. 3 од Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца, со кој се надополнува Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал. Истиот подлегна на промени со стапување во сила на Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик во 2004 година.[4]

Во 2007 година Министерствотро за правда спроведе анализи за компатибилноста на националното законодавство со одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе и состави извештај со препораки за сите правни и законодавни интервенции што треба да се превземат пред ратификацијата на Конвенцијата. Врз основа на анализите, правната рамка за борба против трговија со луѓе беше битно изменета во насока на исполнување на стандардите од конвенцијата од 2005 година. Особено КЗ и ЗКП беа изменети во насока на дополнување и подобрување на постоечките мерки за идентификација и заштита на децата (потенцијални) жртви на трговија со луѓе.

Република Македонија *Конвенцијата на совет на Европа ја* ратификуваше на 14.04.2009 година. Со имплементација на погоре наброените конвенции во нашето законодавство, Република Македонија прави голем чекор во однос на спроведување на заложби во обезбедување на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе.

## 3. ДОМАШНО ЗАКОНОДАСТВО

Кривичното дело трговија со луѓе беше воведено во македонското законодавство со амандмани и дополнувања на Кривичниот законик (25.01.2002) како дел од членот 418-а. Овој член беше изменет во март 2004 година. Кривично правната рамка беше зајакната во 2005 година со усвојување на Законот за заштита на сведоци.

Со појавата и зголемувањето на малолетните жртви на трговија со луѓе во РМ, донесени се измени на Кривичниот законик во јануари 2008 година и воведено е ново кривично дело Трговија со малолетно лице 418-г со што е даден посебен

[4] Види чл.418-а ст.1 од Измени и дополнување на КЗ од 2004 год.

акцент на заштита на малолетните жртви на трговија со луѓе и гонењето на сторителите каде што минимална запретена казна предвидена за ова кривично дело е осум години.

Според важечкото законодавство жртвата на трговија со луѓе односно „оштетениот е секое лице жртва на кривичното дело кое претрпело штета вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело“[5] има право да поднесе предлог за остварување на имотно правно побарување односно надомест на штета (компензација).

Според новиот Закон за кривична постапка жртвата на трговија со луѓе односно **„Жртва на кривично дело** е секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело.“[6] има право да поднесе предлог за остварување на имотно правно побарување односно надомест на штета (компензација).

Жртвите на трговија со луѓе имаат право на надоместот на материјална и нематеријална штета (компензација). Иако има зголемување на бројот на пресуди за трговија со луѓе во РМ, правните средства за извршување на имотно правното побарување (компензацијата) за трговија со луѓе сѐ уште се недостапни.

Имотно правното барање, жртвата може да го оствари во две постапки и тоа во кривична и граѓанска постапка.

[5] Во Законот за изменување и дополнување на законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.83 од 10.07.2008), во членот 139 ставот (5)

[6]чл.21, т.4 од Законот за кривична постапка Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година кој ќе започне да се применува по истек на 2 години од денот на влегувањето во сила на овој закон

Во Законот за Кривичната постапката, (ЗКП).[7] се предвидува кои лица можат да го поднесат имотно правното барање, под кои услови, на кој начин, пред кои органи, Имплементиран е нов став кој се однесува на жртвата односно кога имотно правното барање го поднесува жртва на кривичното дело, во барањето ќе наведе дали остварила надоместок или поднела барање согласно член 53 ст.1 од новиот ЗКП.[8]

Во кривичната постапка имотно правното барање на жртвата малолетник е предвидена во посебен закон, а тоа е Законот за малолетничка правда (ЗМП)[9] и измените на ЗМП.[10] Законот за малолетнична правда нуди решение за обештетување на малолетник (неспецифицира жртва на трговија со луѓе) како жртва или оштетен во член 141 со кривични дела насилство и на други акти за што се предвидува издвојување на средства во рамки на буџетот на Министерството за правда.

Доколку жртвата на трговија со луѓе своето имотно правно барање не го остварила во кривичната постапка или судот смета дека во кривичната постапка не ќе може да одлучи и за имотно правното побарување[11] има право ова барање да го оствари во граѓанска постапка.

Имотоно правното барање е регулирано во Законот за измени и дополнување на Закон за облигациони односи (ЗОО).[12] Имено, во граѓанската постапка жртвата има право да поднесе тужба со која ќе покрене имотно правно барање кое во граѓанската постапка се нарекува справедлив паричен надомест.

Во пракса во Република Македонија многу ретко судот досудува конфискација на имотот на сторителот на кривичното дело и жртвата на трговија

---

[7] „Службен весник на Република Македонија"број 15/97, 44/2002 и 74/2004,Поблиску за ова: Глава X имотно-правни барања „Сл. весник на Р. М"бр.15/97; 74/2004

[8] Член 111ст.2 од ЗКП донесен на 18.11.2010 год. Но ќе се применипо две години од влегувањето во сила на истиот.

[9] Стапен во сила на 20.07.2007 год.

[10] Стапен во сила на 13.11.2010 год. Но одредбите од чл. 141, 142 и 146 кои се однесуваат за обезбедуваwe на средствата за имотно правото барање на жртвите малолетници на трговија со луѓе ќе отпочнат да се применуваат од 01.01.2012 год.

[11] Види глава постапка од овој Прирачник

[12] Донесен на ден 11.07.2008 год. чл.189 став 2, чл.190 и чл.191

со луѓе практично нема од каде да го надомести своето имотно правно побарување.

## *3.1.* Акциски план

**Донесен е Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија (2009 – 2012)**

Надлежните актери задолжени за борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите во Република Македонија изготвија и донесоа Националниот план за акција кој треба да се спроведе во период од 2009 до 20012 година. Акцискиот план опфаќа повеќе компоненти кои ќе придонесат во сузбивањето на трговијата со луѓе и подобрување на заштитата на жртвите од трговија со луѓе.

Истиот содржи:

1. **ПОДРЖУВАЧКА РАМКА**

**1.1 Координирачки структури**

Цели: Зајакната координативна улога на Националната комисија и подобрена транспарентност во спроведувањето на активностите

Зајакнати извршни капацитети на Секретаријатот

**1.2 Законска и регулаторна рамка**

Цели: Правната регулатива е целосно усогласена со меѓународните стандарди;

Да се Воспостави е фонд за обештетување на жртви;

Сместувањето и заштитата на жртви на Трговија со луѓе е институционално решено

Стандардни Оперативни Процедури се усогласени со законската регулатива и постоечката пракса

**1.3. Меѓународна соработка**

Цели: Соработката и координацијата на меѓународно ниво е унапредена и зајакната

**1.4. Управување со информации, мониторинг и евалуација**

Цел: Воспоставен систем за управување со информации, мониторинг и евалуација

## 2. ПРЕВЕНЦИЈА

**2.1. Идентификување на причините за појавата на трговијата со луѓе и илегалната миграција**

Цел: Утврдени се ризичните групи и причините за појава на Трговија со луѓе, Трговија со деца и Илегална Миграција

**2.2. Зајакнување на капацитетите за реализација на превентивните активности**

Цел: Капацитетите на владините и невладините субјекти се зајакнати за спроведување на превентивни активности за трговијата со луѓе и илегалната миграција

**2.3 Подигање на јавната свест и едукација**

Цел: Воспоставен систем за континуирана едукација и подигање на свеста во однос на трговијата со луѓе и илегална миграција

**2.4 Намалување на ранливоста**

Цел: Воспоставени механизми за намалување на причините за појава на трговија со луѓе и илегална миграција

## 3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ И МИГРАНТИТЕ

**3.1.Идентификација и упатување**

Цел: СОП и НМУ се спроведени ефективно и на територијата на целата држава

**3.2. Директна помош и заштита на жртвите и мигранти**

Цел: Директната помош и заштита на жртви и илегални мигранти е унапредена и во согласност со минимум меѓународните стандарди

**3.3. Правна помош на жртви и мигранти**

Цел: Идентификуваните жртви имаат пристап до бесплатна правна помош

**3.4. Активностите на подгрупата за борба против трговија со деца се координирани со активностите на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.**

Цел: Воспоставени институтционални механизми за безбедна репатријација и успешна реинтеграција/социјално вклучување

**3.5. Истражување и евалуација**

Цел: Спроведени се истражувања и евалуација на програмите за заштита

**3.6. Обуки и градење на капацитетите**

Цел: Зајакнати капацитети на човечките ресурси вклучени во процесот на заштита

**4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ НА МИГРАНТИ**

**4.1. Предистражна постапка (проактивна и реактивна истрага)**

Цели: Проактивните истраги има приоритет во спроведувањето на (пред)истражни постапки

Меѓународните криминални групи се идентификувани и разбиени

**4.2. Кривична постапка**

Цели: Намален обем на организиран криминал

Подобрен статус на жртвата во кривичната постапка

## 4. ВИДОВИ ШТЕТА

Законската регулатива на Република Македонија предвидува два вида на штета: материјална и нематеријална.

- *Материјалната штета* опфаќа имотно правно барање во случај на телесна повреда или нарушување на здравјето на жртвата.
- *Нематеријална штета* опфаќа имотно правно барање за претрпени физички болки, душевни болки, страв, тежок инвалидитет, а во граѓанска

постапка жртвата-оштетена страна може да бара и справедлив паричен надомет за идна нематеријална штета.[13]

## 5. УЧЕСНИЦИ ВО СУДСКА ПОСТАПКА

Учесници кои се јавуваат во текот на сите фази од постапката при донесување на одлука за имотноправното побарување (компензација) се: жртвата; полномошникот на жртвата; истражен судија; јавен обвинител, Судот, извршителите; Министерство за Правда (МП) и НВО.

- *Жртвата* како оштетено лице во постапката може своето право да го остварува сама или преку полномошник. За *малолетната жртва* имотно правното барање освен полномошникот може да го предјават и родителите на жртвата/старателите.

- *Јавен обвинител* е единствен и самосотоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и други казниви дела и врши други работи утврдени со закон[14]. Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ги гони сторителите на кривични дела исклучиво од областа на организираниот криминал и корупција вклучително и делата трговија со луѓе и деца, и е должен да преземе кривично гонење по доставување на кривична пријава од страна на Полицијата доколку постојат докази дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност. Јавниот обвинител може и да не покрене или да се откаже од кривичното гонење под одредени услови. За успешно водење на постапката неопходна е тесна и континуирана соработката на ЈО и другите инволвирани страни во постапката (Полицијата, истражниот судија, НВО)

- *Полномошник* е лице овластено да превзема процесни дејствија во кривичната постапка во име и во интерес на жртвата. Жртвата преку својот полномошник предлогот за остварување на своето право на имотно правно

[13] "Судот, на барање на оштетениот ќе досуди справедлив паричен надомест и за идна нематеријална штета, ако според редовниот тек е извесно дека таа ќе трае и во иднина." чл.192 од Законот за измени и дополнување на ЗОО.
[14] Член 2 од Закон за јавно обвинителство Сл. Весник бр. 150/07

побарување може да го предјави во кривичната постапка, во истражна постапка, а доколку не го предјави во оваа фаза тогаш своето имотно правно побарување може да го предјави најдоцна до завршувањето на главниот претрес.

- *Истражниот судија* ја води истражната постапка и во текот на оваа постапка жртвата на трговија со луѓе или нејзиниот полномошник може исто така да го предјави своето имотно правно побарување, а доколку жтрвата е малолетник имотно правното побарување во истрага можат да го предјават и неговите родители/старатели.

- *Кривичниот суд за организиран криминал* е надлежен за предметите од областа на трговија со луѓе. Доколку жртвата, нејзиниот полномошник, родителите, старателите во истражната постапка или во кривичната постапка ) не предјавиле имотно правно побарување, тоа може да го сторат до завршување на главниот претрес пред овој суд. Судот при донесување на пресуда која го огласува за виновен сторителот на кривичното дело трговија со луѓе има право да досуди и за имотно правното побарување (компензација) или жртвата да ја упати ова право да го оствари во граѓанска постапка. Во случај кога жртвата е малолетник ова свое право го остварува преку средствата кои треба да се обезбедат во рамките на буџетот на Министерството за Правда. Ова обезбедување на имотно прваното барање е влезено во законската рамка но неговата примена е одложена од 01.01.2012 година[15]

- *Извршителите* се овластени лица кои го намируваат имотно правното побарување, досудено со правосилна и извршна пресуда која е донесена од страна на кривичниот суд.[16]

[15] Во Законот за изменување и дополнување на законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија" број 145 од 05.11.2010), „Одредбите од членовите 141, 142 и 146 став 4 на овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година."

[16] Во Р.М. ниту една пресуда каде е досудено имотно правно побарување за жртвата на трговија со луѓе досега не е извршена.

- *Министерството за правда* (МП) според измените на Законот за малолетничка правда има важна улога при спроведување на компензацијата на малолетните жртви од трговија со луѓе. Неговата нова надлежност во однос на имотно правното побарување е да обезбеди средства од буџетот на Министерството за правда.

- *НВО (невладини организации)* имаат улога во постапките за превенција од трговија со луѓе, но од малку поинаков аспект. Невладините организации ги згрижуваат жртвите на трговија со луѓе во прифатилишта, им даваат поддршка, посредуваат во комуникација со институциите на системите, им обезбедуваат здравствена заштита, се грижат за навремена и целосна правна заштита од самиот почеток на постапката, ги придружуваат во остварување на нивните права и ја олеснуваат комуникацијата со системите како и преземаат низа активности за ресоцијализација и реинтегрирација  на жртвите во општеството.

Во Република Македонија имотно правното барање (компензацијата) на жртвата од трговија со луѓе е возможна преку користење на институтот конфискација на имот или имотна корист на сторителот на кривичното дело и враќање во корист на оштетениот, односно жртвата во кривична постапка.

## 6. ПОСТАПКА

Имотно правното барање (компензација) на жртвата која во постапката се јавува како жртва-оштетено лице започнува со поднесување на предлог за имотно правно барање.

Овластени лица за поднесување на предлогот за имотно правното барање се: самата жртва доколку е полнолетна, полномошникот на жртвата ако е малолетна, нејзините родители/старатели.

Предходно споменатото имотно правно побарување жртвата може да го остварува во две постапки:

1) *Кривична постапка:*

Лицето овластено за поднесување на предлогот за имотно правното барање може да го достави уште на самиот почеток односно со поднесување на кривичната пријава до надлежните органи ЈО (јавното обвинителство) или полицијата . ЈО ја разгледува доставената кривична пријава и доколку утврди дека има елементи на кривично дело, поднесува барање за спроведување на истрага до истражен судија.

Лицето овластено за поднесување на предлогот за остварување на имотно правното барање, доколку не го предјавил во кривичната постапка може да го предјави и во истрага пред истражен судија. Истражниот судија презема мерки на барање на ЈО кој по спроведување на истите предметот го враќа на Јавното обвинителство, кое покренува обвинение против сторителот на кривично дело.

Предлогот за остварување на имотно правно барање доколку не е предјавено до подигнување на обвинението, Судот мора да и предочи на жртвата дека може да го предјави и на главниот претрес пред Кривичниот суд, а најдоцна до завршување на главниот претрес пред првостепениот Кривичен суд.

Со пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, судот одлучува целосно или делумно за имотоно правното барање. Доколку доказите во кривичната постапка не даваат доволна основа за целосно или делумно пресудување на имотно правното барање, а за нивно дополнително обезбедување постои опасност од неоправдано одложување на кривичната постапка, судот со пресуда ќе го досуди само основот или основот и делумно износот на имотно правното барање, а за износот на имотноправното барање или остатокот од тој износ ќе донесе дополнителна пресуда. Доколку износот на имотноправното барање не може да се утврди со други докази или изведувањето на такви докази би водело кон значително одложување на постапката, судот со

дополнителна пресуда ќе го досуди износот на имотноправното барање или неговиот дел определувајки правичен надомест. [17]

Предноста на кривичната постапка е тоа што и за казнувањето на сторителот и за копмпензацијата на жртвата се одлучува во една постапка, постапката е брза, економична и трошоците се значително помали.

Негативната страна на оваа постапка е што оштетената во случај на досуден мал износ на оштетното побарување или во случај на ослободителна пресуда нема право самата жртва да вложи жалба бидејки тоа право го има само ЈО.

Судот може жртвата/оштетената страна и да ја упати на граѓанска парница.

2) *Граѓанска постапка*

Овластеното лице за покренување на имотноправното барање во граѓанската постапка го остварува со поднесување тужба до Граѓанскиот суд со која бара справедлив паричен надомет за жртвата врз база на невропсихијатриско вештачење изготвено од страна на овластено вешто лице. “При одлучувањето за барањето за справедливиот паричен надомест Судот ќе води сметка за јачината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки, и страв како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се споиви со неговата природа и општествената цел.”[18]

Овластеното лице кое го покренало имотно правното побарување за жртвата, дава произволни износи во однос на нематеријалната штета.

## 7. КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ

Конфискацијата на имот во кривичните дела на трговија со луѓе претставува важен институт во нашето законодавство.

[17] Член 101 ст.2 од Законот за измени и дополнување на ЗКП Сл. Весник бр. 74/04
[18] Чл. 189 од Закон за измени и дополнување на ЗОО

Постапката за примена на мерка конфискација на имот и имотна корист одземање на предмети прибавени со кривичното дело се изменети и дополнети со нови членови во Законот за измена и дополнување на ЗКП.[19]

Запленувањето вклучува конфискување, од страна на државата, на средствата на сторителот што биле акумулирани на незаконски начин, во текот на кривичното дело. Во трговијата со луѓе особено е значителна севкупната сума на нелегална заработувачка.

Запленувањето на криминалните добивки е основна алатка за казнување на сторителот и може, во некои случаи, да има поголем застрашувачки ефект отколку одредувањето на казната - притвор.

# Истаржувачки дел

## 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да се направи процена на пристапот до компензација, да се увидат пречките на национално ниво со кои жртвите се соочуваат во процесот на стекнување на компензација, да се дадат препораки за надминување и да се олесни остварувањето на компензацијата се применети квалитативни и квантитаивни методи на истражување.

***Квалитативните методи*** кои се употребени се**:**

1) Анализа на содржина на:
    - Закони кои го санкционираат кривичното дело трговија со луѓе: Кривичниот законик; Закони кои ја регулираат компензацијата, Закон за кривична постапка, Закон за малолетничка правда и Измените на законот за малолетничка правда.
    - Научните и стручните трудови од областа на трговија со луѓе со посебен акцент на конпензацијата.

[19] Види чл. 486 - до чл. 493-б од Законот за измени и дополнуваwе на законот кривична постапка од 2004

2) Официјални статистички извештии на владини и невладини организации.
3) Полуструктуирано длабинско интервју со практичари и претставници од: МВР, судии, истражни судии, обвинители, извршители, Министерство за труд и социјална политика-НМУ, ЦСР, Министерство за правда, Министерство за финансии и представници од НВО.

4) Набљудување на постапката за остварување на компензација и самите жртви во неа.

5) Анализа на студија на случај на жртва на трговија со луѓе во рамки на судските спорови за оставрување на конпензација.

6)Средба со **фокус групи** на кои се дискутираше за:

- Законската рамка на компензација и нејзина компатибилност со меѓународното законодавство.
- Постапката за остварување на компензација.
- Проблеми и предлози за ефикасност во обезбедување на компензација на жртвите на трговија.

Со оваа техника се согледа процедурата на остварувањето на компензацијата и знаењата на професионалците за оваа постапка. Членовите на фокус групата заеднички го согледаа процесот и ги прикажаа своите искуства.

Фокус група е формирана согласно постојаните стандарди на група од 8 члена и во време траење од 1 час. За средбата беа подготвени прашања кои се кратки, јасни, отворени, едноставни, несугерирачки и неутрални.

## *2. Квантитативно истражување*

Главен иструмент кој се користише во истражувањето е **анкетен прашалник** кој овозможи да се собераат основни информации за квалитетна анализа на компензацијата на трговијата со луѓе.

Со овој прашалник се собрани основни податоци за учесниците/професионалци во постапката за остварување на компензацијата и тоа: работно место, образование, работен стаж, место на живеење, како и

детални информации за самата постапка низ процесот на остварувањето на компензацијата, како и соработката помеѓу надлежните институции.

Истражувањето е реализирано со Прашалник доставен во Прилог бр.1.

## 2. Примерок на истражување

Истражувачкиот примерок се состои од следните целни групи: судии, истражни судии, обвинители, адвокати, претставници на: Министерство за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Центри за социјална работа, Министерството за правда, извршители, претставници на НВО и жртви.

*Табела 1.* ***Примерок на истражување***

| | |
|---|---|
| Судии | 2 |
| Истражни судии | 2 |
| Јавни обвинители | 2 |
| Адвокати | 3 |
| Извршители | 2 |
| Претставници од МВР | 9 |
| Претставници од МТСП (НМУ) | 2 |
| Претставници од ЦСР | 3 |
| Жртви | 4 |
| Претставници од НВО | 6 |

*Табела 2.* ***Примерок на истражување***

| | Број на испитаници | Проценти |
|---|---|---|
| Мажи | 7 | 20% |
| Жени | 28 | 80% |
| Вкупно | 35 | 100% |

*Графикон бр. 1* ***Приказ на примерокот на истражување според полот***




## *3. Анализа на податоци од истаржувањето*

Со ова истражување се собрани квалитетни податоци кои се статистички обработени и анализирани. Обработката е извршена по теми, категории и потоа се дополнети со квалитативни податоци од истражувањето, а со тоа е направена споредба и анализа.

### 3.1 Законска регулатива

Во однос на законската регулатива *судиите* истакнаа постоење на посебни закони во кои е регулирано обештетувањето на жртвите и тоа: Закон за малолетничка правда и ЗКП. Судиите сметат дека законската регулатива за обезбедување на конпензација е ускаладена со меѓународната регулатива.

*Представниците на МП истакнаа дека* обештетување на малолетните жртви на трговија со луѓе е предвидено во измените на Законот за малолетничка правда но, оставрувањето на обештетувањето е одложено за 2012 година и во Законот за кривична постапка но, и нивната примена е одложена за 2012 година, поради сеуште неформирани државни тела, неосмислена програма за работа на тие тела кој ќе управуваат со средствата од буџетот на Министерството за правда задолжено за обештетување на жртвите од трговија со луѓе.

Согледана е *информираност* на **Јавните обвинители** за правото на жртвите на трговија со луѓе на обештетување-конпензација согласно ЗКП. Тие се информирани, како во постоење на посебните закони за обештетување на жртвите малолетници во Закон за малолетничка правда и Измените на Законот за малолетничка правда како и за двата вида на конпензацијата: материјалната и нематеријалната.

Од нивна страна беше истакнато дека во процесот на примената на ПИМ (Посебни Истражни Мерки) kои се регулирани во важечкиот закон се согледаа недостатоци и дојде до иницијативи за промена на законодавството во случаите на трговија со луѓе.

На пр. Во случајот Југ 1, каде ПИМ мерките за прв пат најдоа своја примена, Врховен суд најде повреда на постапката при давањето наредба за Тајно набљудување, следење, визуелно тонско снимање... што беше една од причините пресудата да биде укината и вратена на повторно одлучување, а од друга страна предизвика и потреба за подетално законско уредување на оваа област.

Во 3 случаи како обвинети се најдоа Овластени Службени Лица, што доведе до Вметнивање на став 4 во членовите 418а, 418б и 418 г.

**Научни и стручни трудови**

Во насока на спречување на организираниот криминал, пред се на трговијата со луѓе како една од најсериозните облици на злоупотреба на основните човекови права, во Република Македонија, во изминативе години засилено беа превземени активности од страна на различни институции и организации во различни сфери на делување.

Владата на Република Македонија на почетокот на 2002 година ја донесе **Националната програма за борба против трговијата со луѓе** во март 2006 формално го усвои Националниот план за акција и Стратегија за борба против трговијата со луѓе. [20]

Со цел да ја помогне имплементацијата на Националната програма на Владата на Р Македонија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција НВО Коалицијата "Сите за правично судење" во ноември 2004 година започна со спроведување на проектот "Набљудување на предмети од областа на трговијата со луѓе во Република Македонија" и како резултат на анализата направена врз основа на прибавените податоци од набљудуваните предмети во 2005 година беше изготвена студијата "**Извештај за сузбивање на трговијата со луѓе низ практиката на домашните судови".**[21]

Мисијата на ИОМ во Република Македонија во рамките на нејзините активности за зголемување на капацитетот на институциите на системот, уште од самите почетоци на нејзината активност некаде во далечната 2000 година, а кои се однесуваат на спречувањето на трговијата со луѓе, оствари активна соработка со националните органи и институции надлежни за кривично правен прогон и со

[20] Публикација „ Казненоправен одговор на организираниот криминал„ февруари 2007 стр9
[21] Публикација „Извештај за сузбивање на трговијата со луѓе низ практиката на домашните судови „ноември 2005 стр. 11

правосудството. Од соработката на ИОМ и Здружението на јавни обвинители на Република Македонија произлезе **“Кон прирачникот за јавни обвинители во кривичниот прогон на трговија со луѓе“.**

## Официјални статистички извештаи

Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во својот годишен извештај за 2009 година објави статистички податоци во однос на тоа колку кривични дела на трговија со луѓе се процесуирани во Република Македонија, колку жртви се идентификувани, на која возраст и колку се сторители на ова кривично дело.

Според Годишниот извештај од 2009 на националната комисија регистрирани се 8 случаи на трговија со луѓе со вкупно 8 жртви на трговија за кои кривично се пријавени за 17 сторители.

Од 8 жртви, 7 се малолетни лица од кои 6 се домашни жртви со старосен опсег од 14-17 годишна возраст. Во сите случаеви кога жртвите се идентификувани и пронајдени пружана им е помош од НМУ.

Заклучно со крајот на 2009 судскиот процес е започнат за 2 случаи. За останатите 6 случаи Обвинителството за борба против организираниот криминал сеуште нема започнатта постапка.[22]

Според официјални статистички податоци добиени од Правниот советник на канцеларијата на НМУ при МТСП во 2006г. имало 1 пресуда за компензација; во 2008г. имало 3 пресуди; 2011г. има 2 пресудi. Што значи, вкупно 6 пресуди за период од 2006г. до 2011г. сите за малолетни домашни жртви на трговија со луѓе.[23]

## Информираност на испитаниците за компензација/обештетување

[22] www.nacionalnakomisija.gov.mk
[23] Интервју со Правниот советник на НМУ при МТСП, Скопје- Април 2011

Имајќи во предвид дека компензација може да биде материјална и нематеријална, на прашањето кој видот на компензација – обештетување најчесто им се досудува на жртвите од трговија со луѓе, се покажа дека постојат разлики. Поголем број на судиите смета дека повеќе се досудува нематеријална конпензација 65%, а останатите 35% судии сметат дека подеднакво се досудуваат двата вида на конпензација.

Судиите сметат дека поголеми ефекти има нематеријална оштета.

Постои различна информираност на ЈО во однос на досудувањето на конпензацијата каде дел 21% од нив сметат дека се досусуваат подеднакво и материјална и нематеријална конпензацијата, но повеќе од нив ја истакнаа дека се досудува нематеријалната 48%, а останатите 28% материјална оштета.

*Табела бр. 3*

***Мислење за вид на конпензација што се досудува***

| | Нематеријална штета | Материјална штета | Подеднакво и двата вида |
|---|---|---|---|
| **Судии** | 65% | 0% | 35% |
| **Јавни обвинители** | 48% | 28% | 21% |

*Графикон бр.2*

***Мислењето за вид на конпензација што се досудува***




*Графикон бр.3*

***Мислењето за вид  на конпензација што се досудува - Судии***



*Графикон бр.4*

***Мислењето за вид на конпензација што се досудува – Јавни обвинители***




Податоците од истражувањето покажуваат дека најчесто се досудува нематеријална штета затоа што се досудува врз основа на вештачење или според критериjум на спроведлив паричен надомест а материјалната се поретко од причина што немаі материјални докази.

Претставници на *НМУ* сметаат дека побараниот износ е содветен на нематеријалното обештетување и дека до сега не е исплатена конпензација ниту на една жртва.

**Адвокатите** кои работат со жртви од трговија со луѓе, добро се информирани во однос на остварување на правото за имотно правно побарување-конпензацијата. Тие сметат дека полицијата, и социјалните работници треба да работат на информирањето на жртви преку јасно и едноставно појаснување на различни правни опции кои им стојат на располагање и преку информираност на жртвата во процесот уште од самот почеток.

*Вработените во ЈУ ЦСР* кои се задолжени да работат со жртви на трговија со луѓе имаат искуства во работата со жртви на трговија со луѓе бидејќи вршат идентификација Тие имаат поминато бројни едукации организирани од страна на Меѓународни организации во партнерство со МТСП-НМУ и имаат информации за правото на обештетување, како и самата процедура за остварување на обештетување на жртвите на трговија со луѓе.

## *3. Правна постапка во остварувањето на Компензацијата/обештетување на жртвата*

Самата постапка во која одлучува судот во однос на компензацијата е најчесто кривичната постапка, неа ја спроведува Кривичниот Суд. *Судиите* истакнаа дека во кривичната постапка поефикасно, поекономично, се доаѓа до компензација и нема дополнителни трошоци за оштетената.

Постои согласност на судиите дека жртвата е *најдобро да предјави обештетување во истражна постапка,* бидејќи .. „Тогаш се најсвежи сеќавањата како и интензитетот на болката кај жртвата.“

На прашање прашањето во кој дел на постапката да се истакне право на имотно правно побарување–компензација може да се заклучи дека ***адвокатите*** имаат различни мислења. Најголем број од испитаниците 85% смета дека имотно правно побарување треба да се истакне во истрагата, а останатите се на став дека тоа е подобро да се направи на главниот претрес.

*Табела бр. 3* ***Приказ на одговорите на адвокатите во кој дел од постапката да се истакне побарување***

| | Во истрага | На главен претрес |
|---|---|---|
| **Адвокати** | 85% | 15% |

*Графикон бр. 5*

***Во кој дел од постапката да се истакне побарување***




Праксата покажала дека имотно правно побарување-компензацијата се истакнува на главен претрес од причина што на главниот претрес адвокатот тасполага со вештачењето кое е добиено по налог на судот.

Представници на *НМУ* истакнаа дека имотно правно побарување најчесто се истакнува во истрагата.

Сите испитувани судии истакнаа во однос на самата постапка за кривичните дела трговија со луѓе дека треба да е итна. За нејзиното спроведување потребно е брзо реагирање. Критериумот според кој се одлучува за компензацијата на жртви на трговија со луѓе е вештачењето од страна на вештото лице. Жртвите на трговија со луѓе користат право на имотно правно побарување само ако имаат адвокат кој ќе го истакне побарувањето.

Компензацијата се одредува и според критериум на правичен надомест, односно слободна проценка на судот доколку нема вештачење.

,,Во праксата имотното барање- компензацијата се одредува според вештачење а е според критериумот на правичен надомест од пичини што во секоја постапка имало вештачење," истакна адвокатот на жртвата.

Самите судии имале пресуди за компензација на жртвите од трговија со луѓе.

Досегашната пракса покажала дека судијата во повеќето случаеви го досудува побараниот износ од адвокатот на жртвата кој најчесто изнесува околу 150.000 денари пожртва. Испитаниците истакна дека досудениот износ не се исплаќа заради потешкотии во извршната постапка, односно заради немање на имот на сторителот на кривичното дело во негова сопственост.

ЈО сметат дека сумата треба да е повисока, согласувајќи се дека жртвата е најдобро да предјави обештетување во истражна постапка и да изнесува околу 10 000 евра.

*„Жртвата има претрпено голема траума од која понатаму во животот има последици, влошена здравствена состојба, изолираност, неинтегрираност во заедницата и затоа е потребен поголем износ –изјави ЈО.*

Во важечките правни прописи на Република Македонија постои институт конфискација на имотот.

*Судиите,* Јавните обвинители кои беа цел на испитувањето *истакнаа дека* **конфискација на имот** во пракса многу ретко се досудува.

За самото конфискување на имот на трговците на луѓе, судиите немат информации дека е остварено, знаат само за привремено обезбедување замрзнување, запленување, банкарски сметки и финансиски трансакции.

Со правосилна пресуда е обезбедена мерка на привремено обезбедување но, не и конфискација на имот.

Самите *извршители* својата активност во постапка за оставрување на компензација од страна на жртвата на трговија со луѓе треба да ја оставруваат по добивање на пресуда за имотно правно побарување за кривично дело трговија со

луѓе. Сите извршители истакнаа дека немаат добиено до сега правосилана и извршна пресуда со која е досудена компензација на жртвите од трговија со луѓе. При тоа не дадоа предлози за подобрување на постапката, истакнувајќи дека не можаат да предложаат бидејќи немаат ниту една реализирана пресуда.

Претставниците на *МП* на прашањето за издвојување на средства од Буџетот на РМ за обештетување на жртвите од трговија со луѓе, одговорија дека за сега не се издвојуваат средства, и нема обештетени жртви. „Не е извршена конфискација на имотот, иако во рамки на Министерството за правда постои Агенција за конфискација на имот за кривични дела трговија со луѓе затоа што оваа Агенција нема дирекна надлежност во овој дел. Во агенцијата нема податоци за вклучување на агенцијата во ова постапка за обештетување."

Во Буџетот на Република Македонија не се издвојуваат средства за обештетување на жртви на трговија со луѓе односно за малолетници. Постои Агенција за управување со одземен имот во состав на МП но, нема дирекана надлежност во овој дел и нема единствен систем, а со тоа и податоци.

**Соработка**

Соработката помеѓу партнерите во процесот на поддршката на жртвите на трговија со луѓе вработените во ЦСР ја оценуваат високо.

Испитаниците кои се ангажирани во спроведувањето на активности во *Невладиниот сектор* не учествуваат директно во процесот на оставрување на компензација. Тие даваат *бесплатна правна помош и поука на жртвите за предјавување на оштетно правно побарување. Соработката со институциите кои работат со жртви на трговија со луѓе ја оценуваат со висока оценка, истакнувајќи* „Задоволително, секојдневно комуницираме со ЈО за организиран криминал и корупција, МВР, МТСП- НМУ и други НВО.

*„Взаемна и тимска работа во целиот процес од идентификација до судска разѕешница."* изјави представник на НВО.

*Жртви на трговија со луѓе*

Од перспектива на жртвите од трговија со луѓе, потребата за добивање на компензација е многу голема. Жртвите сакаат обештетување заради страдањата на кои биле изложени и сакаат „завршница“ на таа „приказна“. Компензацијата треба да се однесува, не само на физичките и психичките последици на жртвите од трговија со луѓе, туку и на загубата на можности како што е соодветно вработување или образование, и искористување на сопствените потенцијали за заработка.

За дел од жртвите на трговија во текот на постапката кривичното дело било преквалификувано во друго дело (подведување на проституција). Друг дел на жртвите се информирани за компензацијата и постапката за остварување но, самите немаат доверба во правниот систем. Како причина ја наведуваат…

„тешко е да докажам дека сум жртва, треба да добијам обештетување... За сѐ она што го преживеав, малтретирање, физичко малтретирање. ” изјави една жртва

**Студија на случај**

Случајот се одвива во внатрешноста на Македонија, се работи во моментов за полнолетно лице, кое во време на извршување на кривичното дело трговија со луѓе била малолетна, (16 години).

На 16 годишна возраст се запознава со момче кое и ветува брак и подобар живот надвор од земјата. Измамена од страна на момчето кое и ветува брак и дека ќе живеат во Германија, по негова иницијатива зема од дома сума од 6200 евра, за „патни исправи и визи" без знаење на родителите. Го напушта својот дом и оди на средба со своето момче.

Од тој момент почнуваат нејзините маки, проблеми, тргување, сексуално малтретиање. Од страна на момчето носена е во повеќе градови во РМ каде што била принудувана да дава сексуални услуги и по 20 часа, физички малтретирана, принудувана да консумира алкохол и дрога. По долга и макотрпна голгота без согласност а со посредство на таткото на момчето пренесена е без патна исправа надвор од државата прво во Косово, па во Германија и Норвешка каде што била затварана по бордели, каде била малтретирана и принудувана на алкохол во неограничени количини, опојни droги и други стимулативни средства. Во Норвешка при полициска рација била уапсена и поминала извесен период во затворена институција, каде останала нерколку месеци и потоа била префрлена во Германија во прифатен центар.

Од Германија воспоставен е контакт со нашата држава и лицето е депортирано во матичната земја. Случајот веднаш е превземен од МВР на Р. Македонија и заедно со НМУ беа превземени безбедносни мерки за жртвата. Бидејќи се работи за високоризичен случај за безбедноста на жртвата и безбедноста на нејзиното семејство, лицето беше сместено во Прифатилиштето за жртви на трговија со луѓе на НВО Отворена Порта.

Лицето престојуваше во прифатилиштето од Мај 2006 година до Ноември 2007 година. За време на нејзиниот престој се забележуваа видни трауматски последици. Цело време се чувствувала какао да не е таа, постојано и се враќале сликите на пеколот низ кој минувала, се плашела од секој шум и допир, слабо спиела, имала ноќни мокрења, присутни биле кошмари, не можела да се концентрира, постојано била во немир и исчекување. Постојано се чувствувала празна уништена без планови за себе и својата иднина, со чувство на вина за своето семејство чиј углед и семеен мир бил нарушен.

За време на престојот во Прифатилиштето и беше дадена потребната психоцосијална поддршка, здравствена заштита, со вклучување на невропсихијатар за фармаколошка терапија.

Исто така беше вклучен и Одделот за заштита на сведоци при МВР Скопје кој постојано ја придружуваше заедно со претставници од НВО Отворена Порта секаде каде што имаше потреба од нејзино движење на суд, во полиција, јавниот обвинител, на средби со нејзиното семејство кои се одвиваа на безбедна локација.

Во текот на престојот жртвата имаше чести средби со јавниот обвинител, која како сведок - оштетена во кривичната постапка соработуваше со ЈО и во обвинителниот акт изготвен од страна на Јавниот обвинител таа преставуваше главен сведок. Во подготовките за судењето освен подршката од ЈО жртвата сведок добиваше и од целиот стручен тим на Отворена порта.

Во Декември 2005 година излезена е пред истражен судија. Во текот на истражната постапка нејзиниот адвокат – полномошник го предјави нејзиното имотно правно побарување, но висината на оштетното побарување ќе го прецизира по добивањето на вештачењето на главниот претрес.

Во текот на целиот главен претрес жртвата беше присусутна во судницата и при изведувањето на доказите како материјани така и вербални односно при сослушувањето на сведоците.

Истата беше придружувана од вработени лица од Отворена Порта и од Одделот за заштита на сведоци при МВР Скопје.

Во Мај 2006 година жртвата се јави како главен сведок на судењето каде што даде исцрпни одговори на сите поставени прашања како од страна на Судот, јавниот обвинител, бранителите на обвинетите. Во текот на целата постапка нејзиното држење беше беспрекорно, исцрпно и во ниту еден момент не се поколеба и не се исплаши од заканите кои претходеа од страна на сторителите на кривичното дело. Постојано имаше поддршка од стручниот тим на НВО Отворена Порта, Одделот за заштита на сведоци, јавниот обвинител, нејзиното семејство.

На главниот претрес Судот побара да се изготви и вештчење од надлежните институции.

Беше изготвени Писмен наод и мислење од Медицински факултет во Скопје во кој се тврди дека се пронајдени белези по телото што се стари најмалку еден месец, Наод и мислење од Институтот за судска медицина, Наод од психијатриска болница Скопје врз основа на кои вештачења се предјави имотно правното побарување од страна на полномошникот на жртвата.

Беше донесена Пресуда каде што беа осудени 7 лица за тешко кривично дело по член 418 а од КЗ на РМ и исто така беше досудено и материјално правното барање на жртвата.

Со пресудата истакнатото оштетно побарување беше прифатено и беа задолжени обвинетите да и платат на име материјална штета сума во износ од 16.337,00 денари, а на име нематеријална штета сума во износ од 216.666,00 денари. Судот согласно на член 220 од ЗКП определи мерка Привремено обезбедување на имот на обвинетите и тоа за прво обвинетиот и четврто обвинетиот.

Овој случај е наведен како школски пример за извршување на кривично дело трговија со луѓе од член 418 а од КЗ на Р Македонија. Ова е едно од најтешките кривични дела во нашето законодавство.

Жртвата после тоа го продолжи престојот во Прифатилиштето, беше вклучена во програмата за реинтеграција на Отворена Порта каде го заврши занаетчискиот курс за козметичари и фризери. После тоа лицето сакаше да ја напушти земјата и извесен временски период да помине во друга земја. Отворена Порта во соработка НВО од мрежата на Ла Страда и овозможи престој во друга земја во траење од еден месец. Отворена Порта и помогна за обезбедување на патна исправа Во соработка со Одделот за заштита на сведоци при МВР. Подоцна жртвата соочувајќи се со фактот дека неможе да пордолжи да живее во родното место поради закани, одлучи засекогаш да ја напушти државата и да продолжи да живее во другата земја.

## ЗАКЛУЧОЦИ

- **Законите** кои го санкционираат кривичното дело трговија со луѓе се компатибилени со меѓународните документи во однос на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе. Во Национален Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија (2009 – 2012) е обрнато посебно внимание на компензацијата на жртвите од трговија. Во Стандард оперативните процедури[24] за постапување со жртви на трговија со луѓе (СОП) во процедурата „Кривична постапка" - мерка 5 истакната е поддршката на жртвата за поднесување на имотно правното барање во кривичната постапка.
- Во Кривичниот суд има доволно широки можности за досудување на компензација на жртвите од трговија со луѓе предвидени со законите. Судот заедно со пресудата со која го огласува за виновен сторителот може да одлучува и за имотно правното барање на жртвата од трговија со луѓе, но изречените компензации се многу ниско досудени.
- Не се изградени критериуми за утврдување на висина на конпензацијата и потреба за воспоставување на критериуми за утврдување на висината на конпензацијата
- Кривичниот суд на Р. Македонија иако има досудени пресуди за компензација, сепак жртвите на трговија со луѓе не добиле ниту материјален ниту нематеријален надомест.
- Најчести пречки при извршуавњето на правосилната пресуда за остварување на обештетувањето се: немање недвижен имот, немање движен имот, немање хартии од вредност немање трансакциона сметка на име на трговецот и немање средства да се плати извршна постапка. Дополнително, имотот на сторителите не се осудува никој да го купи поради закани од самите сопственици како и од авторитетот/угледот кој го имаат во местото на живеење.
- Компензацијата како мерка сè уште не е доволно искористена за жртвите од трговија со луѓе.
- Проблемот се појавува во неговата имплементација поради немање на средства за обештетување обезбедени од државата.
- Во однос на одредбите за конфискација на имот прибавена со кривичното дело, како и одредбите за привремено обезбедување на имотот или средства што се во врска со тоа дело, ретко се применуваат во праксата на Кривичниот суд бидејќи кривичнто дело трговија со луѓе спаѓа во група на тешки кривични дела од областа на организиран криминал.
- Активностите со жртвите на трговија со луѓе и давање на помош и поддршка и скоро во целост е обезбедено од проекти или донации на НВО кои се зависни од меѓународни донатори и добиени проекти. Прекините во континуирано следење на состојбите доведуваат до тешкотии во утврдувањето на вистинската состојба во областа на Трговија во РМ.

[24] СОП усвоени на 127 –та седница на Владата на РМ на 29 Јануари 2008

- Вработените во ЦСР и НВО истакнаа дека поради неостварено обештетување/компензација, жртвите имаат проблеми во процесот на нивната реинтаграција во заедница, при остварување на здравствената заштита, вклучување во образовниот процес или вработување.

**Препораки**

- Неопходна е доследна примена на законските одредби кој се однесуваат на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе, оформување на заеднички ставови во однос на идентификувани проблеми во врска со Компензацијата и заедничко лобирање за подобрување на ефикасноста на судскиот систем во остварувањето на ова право на жртвата.
- Неопходна е поконкретна законска разработка на одредбите од ЗОО за посебен начин на утврдување на висината на обештетеувањато особено нематеријалното обештетување на жртвата од трговија со луѓе.
- Изготвување на законски измени во Законот за наследување од аспект на донесување на нови одредби кој ќе се однесуваат начинот, роковите за пренесување на имотот од оставителот на наследникот односно трговецот, како полесно жртвите би ја остварила компензацијата.
- Компензацијата како моќна казнена мерка против трговците со луѓе и ресторативна мерка за жртвите од трговија со луѓе, треба да биде активно спорведувана.
- Активирање на средставта од буџетот на Министерство за Правда и државните тела кои ќе работат со тие средства од каде жртвите би биле обештететувани, а државата потоа ќе создаде услови за „наплата” од сторителот т.е со продавање на неговиот имот
- Поголемо финансиско вклучување на владиниот сектор за мониторирање на ваквиот вид на кривични дела со цел да се обезбеди дата база на податоци во однос на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе.
- Почеста употреба на одредбите од КЗ за конфискација на имот или имотна корист прибавена со кривичното дело заради полесно, побрзо обештетување на жртвата од конфискуваниот имот на сторителот на тоа дело.
- Компензацијата на жртвите од трговија со луѓе како мерка во Владината политика за борба против трговијата со луѓе бара активно внимание од страна на Владата.
- Потребно е да се обезбеди континуирана финансиска поддршка за активностите со жртвите на трговија со луѓе насочени кон давање на помош и поддршка и нивната реинтеграција.
- Поголема информираност/едукација на сите инволвирани субјекти/партнери во процесот на извршување на компензација за жртвите на трговија со луѓе.
- Изготвување на прирачник за полесно “извршување“ на досудените компензации за жртвите од трговија со луѓе кој прирачник може да придонесе кон афирмација на правата на жртвата во однос на

компензацијата пред судовите и поголема подготвеност на жртвата за партиципирање во сите стадиуми на постапката.

## АНЕКС 1

## ПРАШАЛНИЦИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ПРОЦЕДУРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ИМОТНО ПРАВНО ПОБАРУВАЊЕ/КОМПЕНЗАЦИЈА

Овој прашалник е наменет за утврдување на процедурите за остварување на имотно-правно побарување (компензација) за жртвите од трговија со луѓе. Добиените податоци ќе бидат употребени со цел истражување за утврдување на недостатоците во однос на остварување на правото за компензација на жртвите како и и препораки за нивно надминување.

Пол:

Возраст:

Име на организацијата:

Години на искуство во областа на спречување на трговијата со луѓе:

Професија:

### СУДИИ, ИСТРАЖНИ СУДИИ, ОБВИНИТЕЛИ

1. Дали жртвите на трговија со луге имаат право на имотно правно обесштетување - компензација?
   а) ДА  б) НЕ
2. Во кој закони е регулирана компензацијата?__________
3. Каков вид на компензација постои во Р.М.?
   а) Нематеријална б) материјална
4. Дали се досудуваат двата вида на компензација подеднакво?
   а) ДА  б) НЕ
5. Ако се досудува еден вид кој е и зошто е најчесто тој вид?
6. Која мерка според вас би давала поголеми ефекти?
7. Во кои судови се спроведува ваков вид на постапки?
8. Во која постапка судот одлучува за имотно правното побарување на жртвата?
   А) Кривична постапка  Б) Граѓанска постапка
9. Која постапка според вас би давала подобри резултаи?

10. Каква е постапката за кривични дела за трговија со луге ?
    а) ИТНА ПОСТАПКА б) РЕДОВНА ПОСТАПКА
11. Дали има посебен закон за обештетување на жртви од трговија со луѓе?
12. Дали според важечките правни прописи во РМ постои институт конфискација на имот за кривични дела трговија со луѓе?
    а) Има б) нема
13. Ако има колку често се досудува таква мерка ?
14. Ако не се досудува, зошто суддите ја избегнуваат оваа мерка?
15. Дали во нашата судска практика постојат пресуди за компензација на жртвите од трговија со луѓе?
    а) ДА б) НЕ
16. Ако е одговорот ДА, во кој износ е најчесто?(од - до)
17. Која е оптималната висина на компензацијата на жртвите во случаеви на трговија со луѓе?
18. Кога е најдобро жртвата да предјави оштетното побарување?
    а) во истражна постапка б) на главен претрес
19. Според судските практики и вашето искуство, дали жртвите на трговија со луѓе го користат ова право на имотно правно побарување?
    а) ДА б) Ако НЕ, зошто
20. Според кој кои критериуми се одлучува за компензација на жртвата од трговија со луѓе?
21. Што сметате дека треба да се подобри во постапката за ком пензација на жртвите од трговија со луѓе?
    а)недоволно развиено законодавство б) недоволно развиени инситуции
    в) корумпирани надлежни органи, г) нефикасно судство,
    д) не сериозно сфаќање на самиот проблем
22. Дали за кривични дела трговија со луѓе на трговците кој се осудени со правосилна и извршна пресуда им се конфискува имотот?
23. На кој начин и дали се реализирал некој конфискација на имот?

## ПРАШАЛНИК ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МВР - ЕБПТЛИКМ

1. Дали жртвите на ТЛ имаат право на имотно правно обештетување – компензација?
    а) да б) не
2. Дали има посебен закон за обештетување на жртви на ТЛ?
    а) да б) не
3. Дали во правните прописи во РМ постои институт конфискација на имот?
    а) да б) не
4. Каков вид на компензација постои во РМ?
   а)
   б)
   в)
5. Дали досега сте идентификувале жртва на трговија со луѓе?

а) да б) не

6. Дали во вашата пракса, во предкривичната постапка сте информирале жртва за правото на компензација и процедурата за остварување на ова право?

а) да б) не

7. Дали самата жртва пред вас предјавила побарување на обештетување?

а) да б) не

Ако **да,** колку од нив побарале ................................................................. ?

8. Дали сте информирани колку жртви оствариле такво право?

а) да б) не

9. Ваше мислење дали постојат пречки за остварување на ова право на жртвите?

а) да б) не

Ако **да** зошто е така ..........................................................................................?

10. Дали сте информирани дали за кривични дела трговија со луѓе на трговците/сторителите кои се осудени и имаат извршна/правосилна пресуда им е конфискуван имотот ?

а) да б) не

Ако не зошто е така

11. Предлози за надминување на пречките во остварување на правотото на жртвите на компензација:

12. Вашето искуство во однос на брзината на постапката за кривични дела трговија со луѓе/трговија со малолетно лице?

а) Итна постапка б) Редовна постапка

13. Дали ви се познати случаи кога дошло до промена на законодавството во случај на трговија со луѓе?

## ПРАШАЛНИК ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

1. Дали се издвојуваат средства од буџетот на РМ за обештетување на жртва од трговија со луѓе, односно малолетници?

а) ДА б) НЕ

2. Колку жртви до сега се обештетени со средствата?

а) ____________ лица

3. Дали постои Агенција за конфискација на имот во РМ на лица со криваична одговрност за трговија со луѓе?

а) ДА б) НЕ

4. Во колку случаи била вклучена агенцијата за конфискација на имотот за кривични дела трговија со луѓе?

___________ дела

5. Во колку кривични дела е спроведено успешно?

6. Со кој проблеми најчесто се сретнувате во постапката и што предлагате за нивно надминување?

## АДВОКАТИ

1. Во кој дел од постапката најчесто се истакнува имотно правно побарување за жртвата на трговија со луѓе?
2. Колку е оваа проблематика атрактивна за адвокатите ?
3. Во колку случаи Судот го досудува побараниот износ за имотно правното обештетување што го предложил адвокатот на оштетената?
4. Дали сметате дека побараниот-досудениот износ е соодветен за нематеријалното обештетување?
5. Дали и е исплатена досега на било која жртва компензацијата која и е досудена со правосилна и извршна пресуда?

   а) ДА б) Ако НЕ зошто
6. Кој се најчести правни пречки при извршувањето на правосилната пресуда за остварување на обештетувањето?

   а) Нема недвижен имот б) нема движен имот в) нема хартии од вредност д) друго, што____________

## Вработени во ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

1..Дали досега имате идентификувано жртви на трговија со луѓе?

А) да Б) не

2.За кои права ги информирате жртвите на трговија со луѓе?

3.Дали досега некоја од жртвите побарала обештетување?

А) да Б) не

Ако да, колку оствариле?

4.Дали жртвите на трговија со луге имаат право на имотно правно обесштетување - компензација?

а) ДА б) НЕ

5. Каков вид на компензација постои во Р.М.?

а) Нематеријална б) материајлна

6. Дали досега некоја од жртвите побарала остварување на правото на компензација?

7. Дали се досудуваат двата вида на компензација подеднакво?

а) ДА б) НЕ

8. Ако се досудува еден вид кој е и зошто е најчесто тој вид?

9. Со кој активности ЦСР учествува во процесот на остварување на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе?

10 Кој е вашиот конкретен придоенс на тој план?

11. Каква е соработката помеѓу ЦСР и државните институции?

12. Со кој проблеми се сретнува ЦСР?

13. Предлози за надминување на пречките во остварување на активности на ЦСР во подршка на компензација за жртвите?

## НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Колку нашиот закон е компатибилен со меѓународните документи во однос на компензацијата за жртвите од трговија со луѓе?
2. Кој меѓународни документи сме ги ратификувале во однос на компензацијата за жртвите од трговија со луѓе?
3. На кој начин невладиниот сектор има влијание за подобрување на правната рамка за компензација на жртвите од трговија со луѓе?
4. Дали знаете некои од случаите со кои се менувало законодавството во поглед на трговијата со луѓе?
5. Со кој активности НВО учествува во процесот на остварување на компензацијата на жртвите од трговија со луѓе?
6. Кој е вашиот конкретен придоенс на тој план?
7. Каква е соработката помеѓу НВО и државните институции?
8. Со кој проблеми се сретнува НВО?
9. Предлози за надминување на пречките во остварување на активности на НВО во подршка на компензација за жртвите?

## ИЗВРШИТЕЛИ

1. Дали сте добиле пресуда каде сте требале да извршите имотно правно побарување од кричино дело трговија со луѓе?
   а) ДА б) НЕ
2. Колку од пресудите се успешно завршени?
   _______________ пресуди
3. Кој се пречките за извршување на правосилна и извршна пресуда каде е досудена компензација на жртва од трговија со луѓе?
4. Кој се препораките да може да се извршуваат поефикасно ваквиот вид на пресуди?

## ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

1. Дали сте известени дека имате право на имотно правно побарување во кривичната постапка?
2. Дали Ви е објаснето што е тоа имотно правно побарување?
3. Дали постојат инситуции, лица каде можете да се информирате за вашите права?
4. Дали како жртва на трговија со луѓе би се согласиле да побарате имотно правна компензација од сторителите на кривичното дело?
5. Ако одговорот е не кој се причините?
6. Колку сте задоволни од подршката што ви ја даваат институциите и НВО?
7. Ако одговорот е да што очекувате?
8. Ако одговорот е не кој се причините?